Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот за прифаќање усното информирање на членовите на Советот од страна на Градоначалникот на Општината Битола

1. Го објавувам Заклучокот за прифаќање усното информирање на членовите на Советот од страна на Градоначалникот на општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 30.01.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-241/1
01.02.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 56 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2007 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за прифаќање усното информирање на членовите на Советот од страна на Градоначалникот на Општината Битола

1. Градоначалникот на Општината Битола ги информира членовите на Советот на Општината Битола за извршувањето на неговите надлежности за периодот јули-декември и одлуките донесени од Советот за периодот септември-декември 2006 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола.

Бр.07-100/3
30.01.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот за прифаќање Кварталниот извештај
за извршување на Буџетот на Општината Битола
за четвртиот квартал во 2006 година

1. Го објавувам Заклучокот за прифаќање Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2006 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 30.01.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-241/2
01.02.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за прифаќање Кварталниот извештај за извршување
на Буџетот на Општината Битола за четвриот квартал во 2006 година

1. СЕ ПРИФАЌА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал во 2006 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола.

Бр.07-100/4
30.01.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот за прифаќање Информацијата за состојбата со депонијата во с. Мегленци со предлог-мерки за санирање на состојбата

1. Го објавувам Заклучокот за прифаќање Информацијата за состојбата со депонијата во с. Мегленци со предлог-мерки за санирање на состојбата, донесен на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 30.01.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-241/3
01.02.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2007 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## за прифаќање Информацијата за состојбата со депонијата во с. Мегленци со предлог мерки за санирање на состојбата

1. СЕ ПРИФАЌА Информацијата за состојбата со депонијата во с. Мегленци со предлог мерки за санирање на состојбата.

2. За надминување на состојбата со депонијата, поради тоа што Општината Битола и ЈП „Комуналец“ Битола немаат доволно средства за санирање на истата, потребно е да се превземат активности на ниво на регионот и на транспарентен начин да се изготви проект кој ќе ги задоволи европските критериуми и стандарди за заштита на човековата средина.

3. Советот на Општината Битола, предлага Градоначалникот на Општината Битола заедно со општинската администрација да ги превземат сите потребни дејствија и мерки за санирање на депонијата во с. Мегленци.

4. Со цел да се изнајде прифатливо решение во фазата на започнување на отворање на пристапните фондови од Европската Унија, потребно е со превземените активности да бидат запознати и Владата на РМ, Министерството за животна средина и просторно планирање, Секретаријатот за европски прашања и Агенцијата за странски инвестиции.

5. Советот на Општината Битола да биде информиран за сите превземени мерки и активности.

6. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола.

Бр.07-100/5
30.01.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Централно Градско подрачје 1 дел Урбана Четврт 1“ – Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Централно Градско подрачје 1 дел Урбана Четврт 1“ – Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 30.01.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-241/4<br>01.02.2007 год.<br>Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општината Битола,<br>Владимир Талески

Врз основа на член 11 и 26 став 5 алинеја 2 и член 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 51/05) и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05) Советот на Општина Битола на седницата одржана на 30.01.2007 година донесе

**О Д Л У К А**
**отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Централно Градско Подрачје 1 дел Урбана Четврт 1„ - Битола**

Член 1

**СЕ ОТПОЧНУВА** постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Централно Градско Подрачје 1 дел Урбана Четврт 1“ – Битола.

Границите на Урбана Четврт се север-северозапад ул.„Боро Талев„ и ул. „Димитар Влахов„ од исток ул. „Димитрие Туцовиќ„ и ул.„11-ти Март„ од југозапад –југ со дел од ул.„Иван Милутиновиќ„ и ул.„Бул.1ви Мај„ и од запад со улица „Мирче Ацев„.

Опфатот на вака предложената Четврт има површина од 14,80 ха.

Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за “Централно Градско Подрачје 1 дел „Урбана Четврт 1“– Битола, ќе го врши подносителот на барањето.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-100/6
30.01.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Станбена заедница 4 и 2 Урбан Блок 1“ – Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Станбена заедница 4 и 2 Урбан Блок 1“ – Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 30.01.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-241/5<br>01.02.2007 год.<br>Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општината Битола,<br>Владимир Талески

Врз основа на член 11 и 26 став 5 алинеја 2 и член 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 51/05) и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05) Советот на Општина Битола на Седницата одржана на 30.01.2007 година донесе

**О Д Л У К А**
**отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за “Стамбена Заедница 4 и 2 Урбан Блок 1” - Битола**

Член 1

**СЕ ОТПОЧНУВА** постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за “Стамбена Заедница 4 и 2 Урбан Блок 1” – Битола.

Границите на Урбаниот Блок се: на североисток се граничи со дел од улицата „Игњат Атанасовски„ од југоисток се граничи со потпорниот зид на Веро односно неговата парцела, на југозапад граница е дел од улицата „Партизанска„ и на северозапад со парцелите на изградените колективни згради.

Опфатот на вака предложениот блок има површина од 1,0 ха.

Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за “Стамбена Заедница 4 и 2 Урбан Блок 1” – Битола, ќе го врши подносителот на барањето.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-100/7
30.01.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Стрчин“ Урбан Блок 2 – Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Стрчин“ Урбан Блок 2 – Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 30.01.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-241/6<br>01.02.2007 год.<br>Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општината Битола,<br>Владимир Талески

Врз основа на член 11 и 26 став 5 алинеја 2 и член 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 51/05) и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05) Советот на Општина Битола на Седницата одржана на 30.01.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**
**отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Стрчин„ Урбан Блок 2 - Битола**

Член 1

**СЕ ОТПОЧНУВА** постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Стрчин„ Урбан Блок 2 – Битола.

Границите на Урбаниот Блок се: јужна граница осовина на ул.„Студентска 1„, источна граница осовина на ул.„Студентска 3„на север осовина од крак од новопроектирана улица во касарна, на запад осовина на ул „Студентска„.

Опфатот на вака предложената Блок има површина од 3 ха.

Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за “Стрчин „Урбан Блок 2– Битола, ќе го врши подносителот на барањето.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-100/8
30.01.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со придружни објекти „ЧАКАЛ – КО Нижеполе“ – Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со придружни објекти „ЧАКАЛ – КО Нижеполе“ Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 30.01.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-241/7
01.02.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 13 и член 26 став 5 алинеја 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 51/05) и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05) Советот на Општина Битола на седницата одржана на 30.01.2007 година донесе

**О Д Л У К А**
**за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со придружни објекти„ ЧАКАЛ – КО Нижеполе„–Општина Битола**

Член 1

**СЕ ОТПОЧНУВА** постапка за пристапување кон изработка и донесување на Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со придружни објекти „ЧАКАЛ –КО Нижеполе„- Општина Битола

Границите на Урбанистичкиот план се југ-јужна граница на КП 557/2, КП 557/3 и КП 556, исток –источна граница на КП 556, север-северни граници на КП 556 и КП 557/1 и запад –западни граници на КП 557/1 и КП557/2.

Опфатот на овој план има површина од околу 1,70ха

Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со придружни објекти „ЧАКАЛ-КО Нижеполе„ – Општина Битола ќе го врши подносителот на барањето.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-100/9
30.01.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП „Стрчин Урбан Блок 1“ – Битола

1. Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП „Стрчин Урбан Блок 1“ – Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 30.01.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-241/8
01.02.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 11 и 26 став 5 алинеја 2 и член 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 51/05) и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05) Советот на Општина Битола на Седницата одржана на 30.01.2007 година донесе

**О Д Л У К А**
**за измени и дополнување на Одлуката за**
**отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на**
**ДУП „ Стрчин Урбан Блок 1” - Битола**

Член 1

Во чл.1 од Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП „Стрчин Урбан Блок 1“ – Битола (Сл.Гласник на Општина Битола бр.19/06) ставот 2 СЕ МЕНУВА И ГЛАСИ :

Границите на Урбаниот Блок 1 се:на север минува по осовината на новопредвидената и делумно изведена улица покрај јужната граница на студентскиот дом, за да сврти кон југоисток,исто така по осовината на новопредвидена улица до пресекот со улица „Студентска“ оди по неа до пресек со втората новопредвидена улица, потоа оди по неа кон северозапад до улицата која минува покрај западната граница на студентскиот дом.,оди по истата кон север до пресекот на новопредвидената и делумно изведена улица покрај јужната граница на студентскиот дом, до местото од каде почнува описот на границата.

Опфатот на вака предложениот модул има површина од 3,25 ха.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општина Битола”

Бр.07-100/10
30.01.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за утврдување Нацрт-Планот на
на ДУП за Месна Заедница „Даме Груев“ Урбан Блок 18 Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување Нацрт-Планот на ДУП за Месна Заедница “Даме Груев“ Урбан Блок 18 Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 30.01.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-241/9 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 01.02.2007 год. | на Општината Битола, |
| Б и т о л а | Владимир Талески |

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за урбанистичко и просторно планирање (“Сл. весник на РМ” бр. 51/05) , член 11 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ„ 78/06) и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05) Советот на Општина Битола на седницата одржана на 30.01.2007 година донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување Нацрт – Планот на ДУП за Месна Заедница”Даме Груев„**
**Урбан Блок18 Битола**

**Член 1**

**СЕ УТВРДУВА** Нацрт – Планот на ДУП за Месна Заедница “Даме Груев„Урбан Блок 18” Битола.

**Член 2**

По Нацрт Планот ќе се организира јавна презентација и јавна анкета.

**Член 3**

Со влегувањето во сила на ова Одлука „Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Урбан Блок 18 бр. 07-264/9 од 29.03.2004г. се менува во називот и гласи „Одлука за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување ДУП за Месна Заедница „Даме Груев„ Урбан Блок.18 Битола

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во “Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-100/11
30.01.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуката за овластување на директорот на КЈП „Нискоградба“ Битола за склучување поединечен Колективен договор

1. Ја објавувам Одлуката за овластување на директорот на КЈП „Нискоградба“ Битола за склучување поединечен Колективен договор, донесена на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 30.01.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-241/10
01.02.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 220 од Законот за работните односи („Сл. Весник на РМ“ бр. 62/05, 03/06 и 44/06), член 36 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2007 година, донесе

# О Д Л У К А

## За овластување на директорот на КЈП „Нискоградба“ Битола за склучување поединечен Колективен договор

Член 1

Се овластува директорот на КЈП „Нискоградба“ Битола да го склучи поединечниот Колективен договор на КЈП „Нискоградба“ Битола заедно со репрезентативниот синдикат во КЈП „Нискоградба“ Битола.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-100/12<br>30.01.2007 г.<br>Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општината Битола<br>Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за именување претставник од Општината Битола во Управниот одбор на Јавната здравствена установа Здравствен дом Битола

1. Го објавувам Решението за именување претставник од Општината Битола во Управниот одбор на Јавната здравствена установа Здравствен дом Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 30.01.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-241/11<br>01.02.2007 год.<br>Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општината Битола,<br>Владимир Талески

Врз основа на член 16 став 3 од Законот за измена и дополнување Законот за здравствена заштита („Службен весник на РМ“ бр. 10/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за именување претставник од Општината Битола
во Управниот одбор на Јавната здравствена установа –
Здравствен дом Битола

1. За претставник од Општината Битола во Управниот одбор на Јавната здравствена установа – Здравствен дом Битола се именува Видан Кулевски, ВСС, електро инжињер, од Битола, ул. „Климент Охридски“ бр. 21/24.

2. Со донесувањето на ова решение престанува да важи Решението за именување два претставници од Општината Битола во Управниот одбор на Јавната здравствена установа Здравствен дом Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 14/05).

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-100/13
30.01.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за измена и дополнување на Решението за именување три претставници од Општината Битола во Училишниот одбор на СОУ „Д-р Јован Калаузи“ Битола

1. Го објавувам Решението за измена и дополнување на Решението за именување три претставници од Општината Битола во Училишниот одбор на СОУ „Д-р Јован Калаузи“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 30.01.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-241/12
01.02.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 39 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр.67/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за измена и дополнување на Решението за именување
три претставници од Општината Битола во Училишниот одбор
на СОУ „Д-р Јован Калаузи“ Битола

1. Во Решението за именување три претставници од Општината Битола во Училишниот одбор на ДСМУ „Д-р Јован Калаузи“ Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.14/05) се врши измена и дополнување на начин што, се разрешуваат досегашните претставници од Општината Битола во Училишниот одбор Кире Климевски и Пецо Калаповски, а на нивно место се именуваат Никола Николовски, од Битола ул.„Цане Василев“ бр.2/11 и Ташевска Билјана, дипл.правник, од Битола, ул. „Едвард Кардељ“ бр. 3/25.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола.

Бр.07-100/14
30.01.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за измена и дополнување на Решението за именување три претставници од Општината Битола во Училишниот одбор на СОУ „Таки Даскало“ Битола

1. Го објавувам Решението за измена и дополнување на Решението за именување три претставници од Општината Битола во Училишниот одбор на СОУ „Таки Даскало“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 30.01.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-241/13<br>01.02.2007 год.<br>Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општината Битола,<br>Владимир Талески

Врз основа на член 39 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Службен весник на РМ“ бр.67/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2007 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за измена и дополнување на Решението за именување три претставници од Општината Битола во Училишниот одбор на СОУ „Таки Даскало“ Битола

1. Во Решението за именување три претставници од Општината Битола во Училишниот одбор на СОУ „Таки Даскало“ Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.14/05) се врши измена и дополнување на начин што, се разрешува досегашнот претставник од Општината Битола во Училишниот одбор Кире Настевски, а на негово место се именува Пецо Ѓорѓијовски, дипл.правник, од Битола ул.„Тодор Паница“ бр.26/7.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола.

Бр.07-100/15
30.01.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за измена и дополнување на
Решението за именување два претставници од Општината Битола
во Училишниот одбор на ОУ „Елпида Караманди“ Битола

1. Го објавувам Решението за измена и дополнување на Решението за именување два претставници од Општината Битола во Училишниот одбор на ОУ „Елпида Караманди“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 30.01.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-241/14
01.02.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 57 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр.63/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2007 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за измена и дополнување на Решението за именување два претставници од Општината Битола во Училишниот одбор на ОУ „Елпида Караманди“ Битола

1. Во Решението за именување два претставници од Општината Битола во Училишниот одбор на ОУ „Елпида Караманди“ Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.14/05) во точка 1 се врши измена и дополнување на начин што, се разрешува досегашниот претставник од Општината Битола во Училишниот одбор Соња Ристевска и на нејзино место се именува Љубица Мијаковска, дипл.учител од Битола ул.„Буковски мост“ бр.9-а.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола.

Бр.07-100/16
30.01.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за измена и дополнување на Решението за формирање Комисија за јавни и комунални дејности на Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за измена и дополнување на Решението за формирање Комисија за јавни и комунални дејности на Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 30.01.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-241/15
01.02.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2007 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за измена и дополнување на Решението за формирање
Комисија за јавни и комунални дејности
на Советот на Општината Битола

1. Во Решението за формирање Комисија за јавни и комунални дејности на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.05/05) се врши измена и дополнување на начин што, се разрешува досегашниот член Наум Симјановски и на негово место се именува Лилјана Кузмановска.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола.

Бр.07-100/17
30.01.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

З А К Л У Ч О К

за објавување на Решението за измена и дополнување на
Решението за формирање Комисија за подигање на спомен обележја
на Советот на Општината Битола

1. Го објавувам Решението за измена и дополнување на Решението за формирање Комисија за подигање на спомен обележја на Советот на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола, одржана на 30.01.2007 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр. 08-241/16
01.02.2007 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Владимир Талески

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за измена и дополнување на Решението за формирање
Комисија за подигање на спомен обележја
на Советот на Општината Битола

1. Во Решението за формирање Комисија за подигање спомен обележја на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.05/05) се врши измена и дополнување на начин што, се разрешува досегашниот член Живко Гацовски и на негово место се именува Наум Симјановски.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола.

Бр.07-100/18
30.01.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 100 од Законот за одбрана („Службен весник на РМ“ бр. 42/01 и 05/03), член 22 Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 05/02) и член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2007 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување заменик раководител на
подготовките за одбрана на Општината Битола

1. **Зоран Коњановски,** поранешен претседател на Советот на Општината Битола **СЕ РАЗРЕШУВА** од функцијата Заменик Раководител на подготовките за одбрана на Општината Битола.

**2. Лилјана Кузмановска,** претседател на Советот на Општината Битола **СЕ ИМЕНУВА** за Заменик Раководител на подготовките за одбрана на Општината Битола.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

4. Примерок од решението да се достави до:
   - Планот за функционирање во војна на Општината Битола
   - Разрешениот
   - Именуваниот
   - Архивата
   - МО – ПЕ Битола

Бр.07-100/19
30.01.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска